<table>
<tr><td colspan="2">Прилог бр.3</td><td colspan="4">Предметна програма од прв циклус на студии</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Современа Политичка филозофија</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">50709</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Политички студии на македонски јазик</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факултет „Јустинијан Први“</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Прв циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година /семестар</td><td>Трета година / шести семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС-кредити</td><td>6</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Ненад Марковиќ<br>Проф. д-р Иван Дамјановски</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">нема</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):<br>Се очекува:<br>• Основните теоретски концепти на современата политичка филозофија да бидат апсолвирани од страна на студентите,<br>• Студентите да ги разберат главните дискурси на современата дебата околу главните вредности и критики на либерализмот,<br>• По завршувањето на предметот студентите треба да можат да ги дефинираат овие концепти и да ги препознаат во праксата,<br>• Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, како и да вежбаат тимска работа,<br>Истражувачките вештини вклучуваат детектирање/наоѓање на извори на информации за зададена тема. Аналитичките вештини се состојат од користење на информациите и преставување на сопствена аргументација/аргумент/главна идеја.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:<br>Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со основите на политичката филозофија. Целта е студентите да се стекнат со теоретски знаења и вештини за да можат да ги препознаваат современите концепти на либерализмот и неговите критики. Воведот на предметот ќе се фокусира на идеолошките размисли околу главните критериуми врз кој се базира вредносниот систем на политичката филозофија. (проценување на институции, слобода, дистрибуција на добра, еднаквост, легитимирање на поредок, итн.) Предметот ќе се сосредоточи на современата дебата околу либерализмот, потенцирајќи ги основните категории, како и различните критики на либералната теорија. Во тој смисол, покрај основните оперативни поими, автори и идеи на либерализмот, предметот на студентите им овозможува да се запознаат и со идејата на либерализмот во пракса. Во овој дел ќе бидат опфатени најсовремените аспекти на темите како што се тероризам, ориентализам итн.<br><br>1. Вовед во политичка филозофија<br>2. Утилитаризам<br>3. Либерална еднаквост<br>4. Либертаријанизам<br>5. Лева критика на либерализмот (марксизам и нео-марксизам)<br>6. Десна критика на либерализмот – национализам<br>7. Комунитаризам<br>8. Мултикултурализам<br>9. Феминизам и постмодернизам<br>10. Либерализам – современи дебати – глобализација и глобализам; либерализам во пракса – транзитологија<br>11. Либерализам во пракса - Ориентализам и балканизам</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 12. Либерализам во пракса - Тероризам | | | | |
| 12. | Методи на учење:<br>Наставата ќе се одвива солгасно предвидениот ЕКТС распоред. Наставата е составена од предавања од предметните професори во текот на 12 недели. Предавањата се состојат од интерактивна настава која опфаќа активно учество на студентите преку дискусии, поставување прашања и коментари во врска со предавањата и подготовка на истражувачки трудови и нивна презентација. Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: Power Point презентации, групни и поединечни презентации како и дискусии. Од студентите се очекува да развијат презентерски и истражувачки вештини, но и да вежбаат настап и презентирање пред класот, како и дебатирање на зададена тема. Активната партиципација на часовите ќе биде вреднувана од страна на наставникот при формирањето на финалната оцена за предметот. | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 120 | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 52,5 часа теоретски предавања, 67,5 часа домашно учење | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања- теоретска настава | 3,5 часа неделно | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 67,5 часа вкупно | |
| 17. | Начин на оценување | | | | |
| | 17.1. | Тестови | Завршен испит 80% од оценка (20% колоквиум по првите шест недели и 60% финален испит) | | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | 10% од оценка | | |
| | 17.3. | Активност и учество | 10% од оценка | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | | |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | | |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | Присуство на најмалку 51% од наставата | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | | | |
| 22. | Литература | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Johnatan Wolf | *Political Philosophy (3rd edition)* | Oxford University Press | 2016 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Вил Кимлика | *Современа политичка филозофија* | Академски печат | 2009 |
| | | 3. | Бенедикт Андерсон | *Замислени заедници* | Култура | 1998 |
| | | 4. | Ернест Гелнер | *Нациите и национализмот* | Култура | 1992 |
| | | 5. | Ерик Хобсбаум | *Нациите и национализмот* | Култура | 1993 |
| | | 6. | Хуан Линц и Алфред Степан | *Проблемите на демократската транзиција и консолидација* | Академски печат | 2009 |
| | | 7. | Едвард Саид | *Ориентализам* | Темплум | 2001 |
| | | 8. | Марија Тодорова | *Замислувајќи го Балканот* | Магор | 2002 |
| | | 9. | Пол Бреман | *Терор и либерализам* | Евро Балкан Прес | 2005. |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |